# Бесмртноста на душата кај Платон (I)

Стефан Пановски
noxdiaboli@yahoo.com

## 1. Наместо увод, за оние пред Платон

Уште од самиот свој почеток, човекот се прашувал дали овој живот, кој го живее на овој свет е сè, што му е дадено или има нешто и по смртта. Ова прашање е многу тесно поврзано со размислувањата околу душата (ψυχή) и нејзината судбина по смртта. За евентуалната бесмртност размислувале и Египјаните и Македонците и Тракијците, од каде пак со култот на Дионис, оплеменет и систематизиран, ќе се пренесе и во Хелада преку орфичкото учење.

Претходно, во најстарите хеленски епови - Хомеровите, кои ја претставуваат традиционалната хеленска религија, не наидуваме на било какви траги дека се верувало во бесмртност на душата, барем не на оној начин за кој говорат горе споменатите народи. Кај Хомер, душата по смртта на телото излегува преку устата, или раната на умрениот и заминува во Аид (Хад), каде што вечно престојува како привид (εἴδωλον) на умрениот, лебдеејќи полусвесна. Секако трогнува моментот, кога Одисеј се симнува во Аид (Хад) и меѓу другите ја гледа душата на Ахилеј, која вели: „Не ме теши што умрев, Одисеју храбар, јас попрво би бил и слуга и би му служел на друг, безимотен некој, па живеел и од трошки, отколку да владеам со сите мртви, кои не го гледаат сонцето“.[1] Од ова се гледа, дека кај Хелените нема изградена мисла за бесмртноста, туку баш напротив - светот се доживува на еден „мистичко-реалистичен“ начин. Ова сфаќање ќе доминира и кај јонската философска мисла.

Наспроти ова видување, на север од копнена Хелада, почнува да се развива орфизмот, кој, имајќи го митот за Дионис како своја централна тема, ја развива својата теорија за бесмртноста на душата и реинкарнацијата. Митот за Дионис - Ѕагреј[2] раскажува како детето Дионис, кое е предодредено од Ѕевс да биде следниот владетел на светот, измамено од Титаните и во моментот кога се престорува во бик со намера да побегне, е распарчено. Ѕевс ги казнува Титаните, така што ги спржува со гром, а нивната пепел ја расфрла на сите страни. Од пепелта на Титаните во луѓето настанала лошата - земска крв, додека од Дионис настанала добрата - небеска крв. Атена успева да го спаси срцето на малиот Дионис и му го носи на Ѕевс, кој го голта и од него (од срцето) се раѓа новиот Дионис (νέος Διόνυσος).[3] Новиот Дионис е Спасител, Ослободител, бог, кој може да го ослободи човека од наследениот титански грев. Со неговото владеење се завршува низата од космички револуции, и орфичкото учење им се обраќа на своите верници, објаснувајќи им го потеклото на доброто и злото и откривајќи им ја нивната судбина, нивните должности и задачата на нивниот живот.[4]

Сличноста на овој мит со митот за Озирис во египетската митологија е очигледна. Елементот на Титаните, кои се оригинални хеленски суштества, не докажува дека митот има хеленски карактер, како што вели Ѓуриќ, туку дека можеби едноставно се работи за *interpretatio Graeca.* Фактот дека Дионис се претвора во бик пред да биде распарчен, исто така може да се доведе во врска египетскиот свет бик - Апис.

Оживувањето на Дионис, сега веќе со својата нова функција на Спасител, во ист момент ги спојува двата најважни елементи на орфичката мисла - учењето за етиката и учењето за преселбата на душата. Обете се тесно поврзани и се надополнуваат, па дури и се условуваат едно со друго. Задачата на еден човек е да се ослободи од потребите и нагоните на телото, односно да се исчисти од титанскиот прагрев, за да може да се врати кај бога. Тука навлегува учењето за преселбата на душата. Душата, бидејќи е извалкана од овоземните гревови, постојано се сели - скита, сè до оној момент додека не се исчисти и не се соедини со бога.

Оваа орфичка мисла, ќе изврши големо влијание врз Питагора, Емпедокле, Платон. Како постепено ќе ја разгледуваме Платоновата мисла, повремено ќе се навраќаме на орфизмот и неговото влијание врз Платон. Во интерес на просторот, сега ќе го напуштиме орфизмот и ќе се надоврземе на една друга мисла - питагорејската.

Со името на Питагора хеленската философија се врзува за почвата на Италија. Тука се зачнува нејзината т.н. италска струја, која содржи посебни обележја; наместа, италската философска струја ја доживуваме како противтежа на јонската.[5] Питагорејската мисла ќе ја разгледаме преку основачот на питагорејството - Питагора. Животот на овој философ е исполнет со мистичност, човек чии способности ги надминуваат можностите на обичен човек, философ кој попрво е некаков надчовечки дајмон, одошто е човек. Ништо помалку загадочен не е и Емпедокле, философ кој не му припаѓа на питагорејството, но по прашањето на душата му е следбеник на Питагора.

Нивното учење за душата тргнува од широко прифатената античка идеја за единство и поврзаност на сите нешта во светот, но градивната нишка сега се остава на страна, а како нишка на поврзување на сиот жив свет се истакнува душата.[6]

Во суштина, учењето на Питагора во голема мерка се потпира на орфизмот, но потеклото на гревовите на душата се наоѓа на друг начин. Според Питагора, душата, казнета поради дружењето со телото е отфрлена од божјиот свет и престојува во телото. По смртта на човекот душата го отплаќа својот грев, селејќи се во растенијата, животните или луѓето, повторувајќи ја преселбата, сè додека целосно не се исчисти.

Емпедокле го прифаќа дуализмот кај човекот, согласно со питагорејството и комбинирајќи го со своето учење за четирите стоихеи, го претставува патот на душата на речиси ист начин како и Питагора.

Сфаќањето на целта и начинот на очистување кај Питагора и Емпедокле во основа се потпира на орфичките претстави.[7] Но, за разлика од орфизмот, Питагора го крева своето учење на едно повисоко рамниште. Тој го сврзува својот научнички дух со учењето за душата. За него прочистувањето на душата, не е следење само на некои правила со чија помош доаѓа до унапредување и прочистување на душата (ψυχῆς κάθαρσις), туку и морално-етичко-спознавателно однесување, набљудување на светот и осознавање на божественото во нас, Питагора, со својот φιλοσοφικὸς τρόπος τοῦ βίου

прв го трасира патот, по кој ќе чекори Платон. Од Питагора па натаму, за најголемите духови во хеленската философија тоа ќе биде сфатено како поинаков вид на богослужба.[8]

Сега ќе се свртиме кон последниот лик, кој извршил огромно влијание врз Платон- неговиот учител Сократ. Сократ, иако сиот свој живот зборувал за нега на душата (ψυχῆς θεραπεία), сепак по прашањето за вечноста на душата, мораме да констатираме дека речиси ништо не докажувал, ниту пак тврдел. Од самиот Сократ, човек кој постојано велел дека „ништо не знае", не можеме да очекуваме некој развиен систем за она што е над појавното. Тој постојано прашува, истражува, но никогаш не тврди ништо. Па така, Роде вели, дека Платон ( во „Апологијата Сократова" ) допушта неговиот Сократ да оди во смрт без никаков знак на увереност во неминливоста на животната сила на неговата душа.[9] Знаејќи дека „Апологијата" на Платон спаѓа меѓу оние списи од најраниот период, кога Платоновата мисла е во зародиш, можеме да констатираме дека не Платон, туку самиот Сократ со одредена доза на агностицизам допушта да умре без увереност во животот на душата по смртта. Сепак, влијанието на Сократ е далеку поголемо одошто изгледа на прв поглед. Тој со својата „нега на душата" ќе изврши големо влијание врз својот ученик, кој пак од своја страна етиката на душата ќе ја постави во тесна поврзаност со нејзината (на душата) бесмртност.

Од Сократ, Платон научил дека проблемите на човековото постоење треба да се решаваат со моралност и воздржување и со потрага по непроменливото начело на совршеноста. Од Питагора пак, научил како оваа концепција би можела да се прошири зад полето на човековите потреби во еден систем, кој ја опфаќа целата Природа[10].

## Библиографија:

I. Примарна литература

- Aristoteles, De anima (TLG)
- Homerus, Odyssea (TLG)
- Plato, Respublica, ( TLG )
- Plato, Phaedo, ( TLG )
- Plato, Phaedrus, ( TLG )
- Plato, Sophista, ( TLG )

II. Секундарна литература

- Д-р Ѓуриќ, М., 1961. *Историја хеленске етике*. Београд: Завод за издавање уџбеника Народне Републике Србије
- Koplston F., 1988. *Istorija Filozofije I- Grčka i Rim.* Beograd: Beogradski Izdavačko-grafički zavod
- De Krešenco L., 1993. *Istorija Grčke filozofije- od Sokrata nadalje*. Novi sad: IP/ Svetovi
- Д-р Недељковиќ, Д., 1984. *Историја на философијата* (скопски предавања). Скопје: Македонска книга
- Rode E., 1991. *Psyche (kult duše i vera u besmrtnost kod Grka)*. Novi Sad: Izdavačka knjižarnica Zorana Stojanovića

- Митевски, В. 1999. *Почетоци на западната философија* -Претсократовци. Скопје-Мелбурн: Матица македонска
- Митевски, В. 2000. *Нега на душата.* Скопје: Матица македонска
- Cornford, F. 1962. *Before and after Socrates,* Cambridge: At the University press

III. Користени преводи

- Платон, 1983. *Одбрана Сократова, Критон, Фајдон* (превод од старогрчки Колева Е.). Скопје: Македонска книга
- Platon. 2002. *Dela*. (prevod Đurić M.). Beograd: Dereta
- Платон, 2003. *Политеја.* (превод од старогрчки Колева е.). Скопје:Три

## Белешки:

[1] Homerus, *Odyssea,* XI peewe. 488-491.
[2] Името Sагреј е со значење „распарчен, раздран".
[3] Поопширно за митот за Дионис кај Д-р Ѓуриќ, М., 1961.
[4] Д-р Ѓуриќ, М., 1961, стр. 31.
[5] Митевски, В.,1999, стр. 63.
[6] Митевски, В. 2000, стр. 21.
[7] Митевски, В. 2000, стр. 23.
[8] Митевски, В. 2000, стр. 28.
[9] Rode, E. 1991,стр. 345.
[10] Cornford, F. 1962, стр. 63.